ОСНОВЕН СУД ВЕЛЕС
СТ.бр.99/11
24.01.2012 год.
В Е Л Е С

# О Г Л А С

Со решение СТ бр.99/11 од 24.01.2012 год. на Основен суд Велес **СЕ ПОВЕДУВА ПРЕТХОДНА ПОСТАПКА за испитување на услови за отворање на стечајна постапка над должникот** Друштво за производство трговија и услуги Ивана Трејд Зи експорт-импорт ДООЕЛ Неготино со седиште на ул.Маршал Тито бр 5 Неготино со трансакциска сметка бр 200001332101283 во Стопанска банка АД Скопје, трансакциска сметка бр 210060300500154 во НЛБ Тутунска банка АД Скопје, трансакциска сметка бр 270000000650563 во Халк Банка АД Скопје, Трансакциска сметка бр 280121100234103 во Алфа Банка АД Скопје**,** со единствен матичен број на субјектот (ЕМБС) 6030050, со единствен даночен број 4019005110561, со приоритетна дејност 49.41-товарен патен транспорт.

Се закажува рочиште поради изјаснување по предлогот за отварање на стечајна постапка на ден 15.02.2012 год. во 14,00 часот во судница бр.3 на Основен суд Велес и СЕ ПОВИКУВА предлагачот,полномошникот на предлагачот, застапникот на должникот и привремениот стечаен управник.

Против ова решение не е дозволена жалба.

Во претходната постапка над должникот до донесување на одлука по предлогот за отворање на стечајна постапка СЕ ОПРЕДЕЛУВААТ СЛЕДНИТЕ МЕРКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ:

-ЗА ПРИВРЕМЕН СТЕЧАЕН УПРАВНИК се определува лицето Јордан Ставревски од Велес со моб.тел.071 / 278-810 ул. Љубен Весов бр 128 Велес.

СЕ ОДРЕДУВА да должникот може да располага со својот имот само со претходно одобрение на привремениот стечаен управник.

СЕ ЗАБРАНУВА одредувањето или спроведувањето на присилното извршување или обезбедувањето против должникот .

СЕ ЗАБРАНУВА исплата од сметките на должникот.

СЕ ЗАДОЛЖУВА привремениот стечаен управник да испита дали се исполнети условите за отварање на стечајна постапка на должникот и ги утврди причините за неликвидноста и состави писмен извештај во рок од 15 дена од приемот на решението.Да врши контрола на активните и пасивните парници и другите постапки кои се во тек на должникот и ги превземе истите.

СЕ ЗАДОЛЖУВА привремениот стечаен управник да го заштити имотот на должникот со сите соодветни средства, да дава согласност на органите на управување на должникот за водење на работењето се до донесување на одлука за отворање на стечајна постапка со цел да се избегне значително намалување на имотот и да се испита дали од имотот на должникот можат да се намират трошоците на постапката.

Органите на должникот се должни на привремениот стечаен управник да му допуштат да влезе во деловните простории за да може да ги спроведе потребните дејствија и да изврши увид во трговските книги и во деловната документација.

СЕ ПОВИКУВААТ должниците на должникот своите обврски и должниковите солидарни содолжници и гаранти без одлагање да ги исполнат своите обврски кон должникот.

Од Основен суд Велес.

Стечаен судија

Валентина Петровска